РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-1152/2
15.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.03.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска:** Илија Таневски од Радио АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Кичево и Гоце Трпковски новинар од Призма.

Г-дин Петрушевски ја отвори 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Образложение од ХИТ Радио Скопје, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
3. Образложение од Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
4. Разно.

Г-дин Петрушевски објасни дека јавните седници на Советот се закажуваат и одржуваат согласно ЗААВМУ, кој предвидел дека освен кога се носи одлука за одземање на дозвола, да се одржуваат и во случај кога трговските радиодифузни друштва се бришат од регистарот на радиодифузери. На седницата ќе имаат можност да дадат свое образложение за состојбата на медиумот. Во таа насока објасни дека на седницата е присутен претставник од ТРД РА Александар Македонски кој ќе се обрати до Советот, додека останатите две точки нема да се одржат затоа што нема нивни претставници.

**Точка 1**

*<u>Образложение од Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери:</u>*

Претставникот од ТРД РА Александар Македонски од Кичево објасни дека неговите очекувања се дека во текот на оваа недела сметката на радиото ќе биде одблокирана, во целост ќе го платат годишниот надоместок за дозволата на Агенцијата и ќе поднесат тужба до Управен суд за да ја вратат дозволата за радио емитување. Со тоа ќе бидат надминати сите пречки и ќе продолжат со работа и во иднина.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е добра вест и очекува сè да се заврши успешно. Објасни дека можеби рекламирањето во текот на изборната кампања ќе помогне радиото финансиски да заживее. Наведе дека се што е законски дозволено Агенцијата ќе го примени за да радиодифузерот си ја врати дозволата.

**Точка 2**

Немаше присутен претставник од ХИТ Радио Скопје..

**Точка 3**

Немаше присутен претставник од Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**